This study did not include: pregnant women, women with previous surgery on the uterine cervix (cervical conization, carbon dioxide laser vaporization and total hysterectomy) and also previous abnormal cytological and histopathological findings of the uterine cervix.

Methods of examination

All samples for cytology were taken using Thin Prep PAP smear cytology and were analized in the Cytology laboratory of the University Clinic for Gynecology and Obstetrics in Skopje by a doctor-cytopathologist. Cytological results were classified according to the revised Bethesda classification [6,7], such as: Atypical Squamous Cells of Undetermined Significance-ASC-US; Low-grade Squamous Intraepithelial Lesion-LSIL (productive HPV infection, Cervical Intraepithelial Neoplasia grade 1-CIN1); High-grade Squamous Intraepithelial Lesion-HSIL (CIN2, CIN3, CIS) and invasive squamous cell carcinoma.

Samples for histopathological analysis were taken at the University Clinic for Gynecology and Obstetrics in Skopje and were analyzed at the University Clinic for Radiotherapy and Oncology in Skopje, at the Department of Histopathology and Clinical Cytology by an experienced expert in histopathology. According to the morphology determined in biopticsamples , cervical findings were characterized as: normal finding (non-specific cervicitis); Low-Grade Squamous Intraepithelial Lesion-LGSIL (Flat condyloma, cervicitis chronicavirosa, mild dysplasia); High-Grade Squamous Intraepithelial Lesion-HGSIL (moderate dysplasia, severe dysplasia, carcinoma in situ) and invasive squamous cell carcinoma.

Statistical analysis

Data were analyzed by a specific software for databases (Excel). Statistical analysis of the established statistical series was made with the statistical program SPSS (Statistical Package for the Social Sciences), version 22.0.

The structure of numerical signs was analyzed by determining the measures of central tendency (arithmetical mean) and measures of dispersion (standard deviation).

The Spearman correlation test, ANOVA test, one-way variance analysis and the Tamhane test were used for statistical evaluations. Two-way comparisons were used to create 2x2 tables and calculate the positive predictive values.

A p value <0.05 was considered significant for statistical evaluation.

RESULTS

The study included 184 women, aged 20 to 60 years (39.81±9.26). The cases aged of the cytopathological diagnostic groups were compared and the difference was found to be significant ($p=0.001$). A significant difference was found between the age of ASC-US and invasive cancer cases ($p<0.03$). There was also a significant difference between the age of LSIL and HSIL women ($p<0.03$) (Table 1).

Table 1. Distribution of mean age of cytopathological diagnostic groups

Cytopathological diagnosis	n	%	mean	sd
ASC-US	118	64.13	37.30	8.00
LSIL	22	11.96	34.63	8.53
HSIL	38	20.65	41.75	9.68
Invasive carcinoma	6	3.26	45.56	10.26
Total	184	100	39.81	9.26

Legend: ASC-US-atypical squamous cells of undetermined significance; LSIL-low grade squamous intraepithelial lesion; HSIL-high grade squamous intraepithelial lesion; n-number; sd-standard deviation

Table 2. Distribution of mean age of histopathological diagnostic group

Histopathological diagnosis	n	%	mean	sd
Nonneoplastic	108	58.70	38.73	7.21
LGSIL	24	13.04	33.11	8.51
HGSIL	42	22.83	43.22	11.00
Invasive carcinoma	10	5.43	44.16	10.30
Total	184	100	39.81	9.26

Legend: LGSIL-low grade squamous intraepithelial lesion; HGSIL-high grade squamous intraepithelial lesion, n-number; sd-standard deviation

Cytopathologicaly, there were: 118 (64.13%) ASC-US, 22 (11.96%) LSIL, 38 (20.65%) HGSIL and 6 (3.26%) invasive carcinoma cases.

We found a significant difference between the age of the nonneoplastic group and LGSIL women (p=0.001). There was also a significant difference between the age of LGSIL and squamous cell carcinoma women (p=0.002) (Table 2).

Histopathologicaly, there were108 (58.70%) nonneoplastic lesions, 24 (13.04%) LGSIL

cases, 42 (22.83%) HGSIL cases and 10 (5.43%) invasive squamous cell carcinomas (Table 3).

Table 3. Correlation between results of cervical cytology and cervical biopsy

Cytopathological diagnosis	Histopathological diagnosis									
	Nonneoplastic		LGSIL		HGSIL		Invasive carcinoma		Total	
	n	%	n	%	n	%	n	%	n	%
ASC-US	94	51.08	12	6.52	12	6.53	0	0	118	64.13
LSIL	11	5.99	7	3.80	4	2.17	0	0	22	11.96
HSIL	3	1.63	5	2.72	26	14.13	4	2.17	38	20.65
Invasive carcinoma	0	0	0	0	0	0	6	3.26	6	3.26
Total	108	58.70	24	13.04	42	22.83	10	5.43	184	100

Legend: ASC-US-atypical squamous cell of undetermined significance; LGSIL-low grade squamous intraepithelial lesion; HGSIL-high grade squamous intraepithelial lesion; n-number; %-percent

The relationship between cytopathological and histopathologicalresukts was significant (r=0.9992, p<0.00001, p<0.05).

When all the squamous cell abnormalities in the cervical cytology was included, the sensitivity of the PAP test for LSIL and higher grade lesions was 58.70% (108/184) while false positivity was 41.30% (76/184). When ASC-US were excluded, the sensitivity was 78.80% (52/66) and false positivity 21.21% (14/66).

We were unable to calculate sensitivity, specificity and negative predictive value for the women groups as there were no real negative or false negative groups. The correlation was calculated using the positive predictive value (PPV) according to our study data.

The cyto-histopathological correlation increased in parallel to the grade of PPV and was 100% for invasive squamous cell carcinoma, 68% for HSIL and 32% for LSIL (Table 4).

Table 4. Positive predictive value of cyto-histopathological diagnosis

Cytopathological diagnosis	Histopathological diagnosis	PPV
LSIL	LGSIL	0.32
HSIL	HGSIL	0.68
Invasive carcinoma	Invasive carcinoma	1

Legend: PPV-positive predictive value; LGSIL-low grade squamous intraepithelial lesion; HGSIL-high grade squamous intraepithelial lesion

The cyto-histopathological comparison for cervical intraepithelial lesions and invasive carcinoma revealed that the PAP test predictive value increased as the epithelial abnormality of the lesion increased and was 20% for ASC-US, 50% for LSIL, 92% for HSIL and 76% for LSIL+HSIL (Table 5).

Table 5. Positive predictive value of cytology groups

Cytopathological diagnosis	PPV
ASC-US	0.20
LSIL	0.50
HSIL	0.92
LSIL+HSIL	0.76

Legend: PPV-positive predictive value; ASC-US-atypical squamous cell of undetermined significant; LSIL-low squamous intraepithelial lesion; HSIL-high squamous intraepithelial lesion

DISCUSSION

The aim of using the cervical smear test is screening sexually active women to enable early detection and treatment of precancerous lesions and prevent mortality due to cervical cancer. There is a relationship between the widespread use of the cervical smear test and decreased mortality due to invasive squamous cancer. Screening programs have therefore been developed all over the world. Cases where a cytological abnormality has been detected undergo biopsy from the suspect lesions under colposcopy for a definite diagnosis [8].

It is difficult to definitely establish PPV of the PAP smear test preinvasive lesions. The literature figures are 50-90% for sensitivity and 31-90% for specificity [9]. The PPV is 17-89% for preinvasive or microinvasive lesions and almost 100% for squamous cell carcinoma [10,11].

A study where the cyto-histopathological correlation of 374 cases was analyzed showed full match between the cytology and biopsy in 43.10% of the cases while this rate was48.38% and 62.50% for low-grade and high-grade lesions, respectively. Cervical cytology sensitivity was 77.31% [12].

We found increased cyto-histopathological correlation with the cervical intraepithelial lesion as the degree of epithelial cell abnormality increased. The PPV was 20% for ASC-US, 50% for LSIL, 92% for HSIL and 76% for LSIL+HSIL. We evaluated the cervical cytology and cervical biopsy correlation again after matching the Bethesda terminology counterpart of the smear results with the SIL terminology results of the biopsy results. The PPV again showed an increase with the lesion degree and was 32%, 68% and 100% for LSIL, HSIL and invasive carcinoma cases, respectively.

Cervical precancerous lesions can be detected approximately 10 years before they become cancerous with the PAP smear screening. Comparison of the age of our patients revealed a significant difference between LGSIL and invasive carcinoma. The mean age for LGSIL group was 33.11 while the squamous cell carcinoma group had a mean age of 44.16 with a difference of over 10 years. This indicates that a period where lesions can be detected and treated before they become cancerous exists.

The clinical results of patients diagnosed as ASC-US by cervical smear can show great variety, from clearly bening lesions to potentially serious lesions and it is therefore not possible to provide a definite classification. In our study the total rate of cervical intraepithelial lesions among cases with an ASC-US smear result was 20.34%. According to a study by Massad et al., on the basis of histological results of cytological finding, 22.3% of ASC-US finding really are histologically positive [13]. Various laboratories report a SIL rate of 15-30% among ASC-US cases [14,15].

In our study , women with LSIL cytology results had a dominant histological LGSIL results (50%), whereas the HGSIL results was confirmed in 18.18%. Our results corresponding with results in study byMilenkovicet al. [16].

Studies show that, with a cytological HSIL result, more than 50% of the women will have HGSIL and 2% will have invasive carcinomas [17].In our study 68.42% of cytological

HSIL results had a histological HGSIL results and 10.55% had a invasive cervical carcinomas. Data also show that between 20% and 30% of HSIL results are not diagnosed by cervical cytology [18].

In our study the sensitivity of the PAP smear test in LGSIL and higher grade lesions was 58.70% and the false positivity was 41.30%. Excluding ASC-US lesions, the sensitivity of the PAP smear test was 78.80% and the false positivity was 21.21%. Another study on cyto-histopathological correlation found a false positivity rate of 3.5% and a false negativity rate of 5.3%. The most common cause of false negativity was sampling error [19].

CONCLUSION

Increased degree of neoplasia in cervical lesions increases the correlation between PAP smear and biopsy. The high sensitivity of the PAP smear test for high-grade lesions shows that it is an effective screening test for cervical cancer and precursor lesions.

REFERENCES

1. Jemal A, Bray F, Center MM, Ferlay J, Ward E, Forman D. Global cancer statistics. CA Cancer J Clin 2011; 61:69-90.
2. American Cancer Society: Cancer Facts and Figures 2016. Atlanta, GA: American Cancer Society, 2016.
3. American College of Obstetricians and Gynecologists. ACOG Practice Bulletin No.99: Management of abnormal cervical cytology and histology. ObstetGynecol 2008; 112(6): 1419-1444.
4. Sankaranarayanan R, Gaffikin L, Jacob M, Sellors J, Robles S: A critical assessment of screening methods for cervical neoplasia. Int J GynaecolObstet 2005; 89:4-12.
5. Rohr LR. Quality assurance in gynecologic cytology. What is practical? Am J ClinPathol 1990; 94:754-758.
6. Zerat L. La nouvelle terminologie de Bethesda: quells-chan-gements? Rev PratGynecolObstetNumero Special. 2002; 3-10.
7. Solomon D, Davey D, Kurman R. The 2001 Bethesda System. Terminology for reporting results of cervical cytology. JAMA 2002; 287:2114-2119.
8. Wright TC, Cox JT, Massad LS, Twiggs LB, Wilkinson EJ. ASCCP-Sponsored Consensus 2001 Consensus Guideline for the management of women with cervical cytological abnormalities. JAMA 2002; 287:2120-2129.
9. Uyar DS, Eltabbakh GH, Mount SL. Positive predictive value of liquid-based and conventional cervical Papanicolaou smears reported as malignant. GynecolOncol 2003; 89:227-232.
10. Johnson SJ, Wadehra V. How predictive is a cervical smear suggesting invasive squamous cell carcinoma? Cytopathology 2001; 12:144-150.
11. Clark SB, Dawson AE. Invasive squamous-cell carcinoma in Thin Prep speciments: diagnostic clues in the cellular pattern. DiagnCytopathol 2002; 26:1-4.
12. Abali R, Bacanskgil BH, Celik S, Aras O, Koca P, Boran B, Dursun N. Histopathological correlation of squamous cell abnormalities detected on cervical cytology. Turk PatolojiDerg 2011; 27(2):144-8.
13. Massad LS, Collins YC, Mayer PM. Biopsy correlates of abnormal cervical cytology classified using the Bethesda system. GynecolOncol 2001; 82(3):516-22.
14. Eltabbakh GH, Lipman JN, Mount SL, Morgan A. Significance of atypical squamous cells of undetermined significance on Thin Prep Papanicolaou smears. GynecolOncol 2000; 79:44-49.
15. Barcelos ACM, Antoniazi MM, Adad SJ, Candido EF. Atypical squamous cells of undetermined significance: Bethesda classification and association with human papillomavirus. Infect Dis GynecolObstet 2011; 904674:9.
16. Milenkovic V, Sparic R, Dotlic J, Tulic L, Mirkovic L, Milenkovic S, Atanackovic J. Reliability and relationship of colposcopical, cytological and histopathological findings in the diagnostic process. VojnosanitetskiPregled 2012; 69(10):869-873.
17. Koss LG, Melamed MR. Koss diagnostic cytology and its histopathologic bases, 5th ed. USA: Lippincott Williams & Wilkins. 2006.
18. Cibas ES, Ducatman BS. Cytology: Diagnostic principles and clinical correlates, 3rd ed. Philadelphia: Saunders. 2009.
19. Mete O, Yavuz E, Tuzlali S, Ilhan R, Ozluk Y, Topuz S, Iyibozkurt C, Iplikci A. Retrospective study of 112 patients who had colposcopy-guided biopsy: Comparison of the cytology results with histology. Turk PatolojiDerg 2007; 23:33-

КОРЕЛАЦИЈА ПОМЕЃУ ЦИТОПАТОЛОШКИТЕ И ХИСТОПАТОЛОШКИТЕ НАОДИ КАЈ ЖЕНИ СО СКВАМОЗНИ КЛЕТОЧНИ АБНОРМАЛНОСТИ НА ГРЛОТО НА МАТКАТА

Дабески Д.[1], Даниловски Д.[2], Башеска Н.[3], Стојовски М.[1], Антовска В.[1], Трајанова М.[1], Поповска З.[1], Сима А.[1], Аземи М.[1]

[1] Универзитетска Клиника за Гинекологија и Акушерство,

[2] Институт за Епидемиологија,

[3] Универзитетска Клиника за Радиотерапија и Онкологија, Медицински Факултет, Скопје, Република Македонија

Автор за коресподенција: Асс.д-р Драге Дабески, тел.: 0038970577566; e-mail: drdabeski@yahoo.com

АБСТАРКТ

Вовед: Целта на студијата беше да направиме корелација помеѓу цервикалните цитолошки наоди и цервикалните биоптични наоди кај жени со сквамозни клеточни абнормалности на грлото на матката.

Материјал и методи: Оваа компаративна ретроспективна студија беше направена на серија од 184 сексуално активни жени, на возраст од 20 до 60 години, кои дојдоа на редовен годишен гинеколошки преглед на Универзитетска Клиника за Гинекологија и Акушерство во Скопје, во периодот од Септември 2015 година до Март 2016 година. Кај сите 184 жени со цитолошки наод на сквамозни клеточни абнормалност на грлото на матката, беше направена цервикална биопсија со ендоцервикална киретажа за хистопатолошка анализа, која беше направена на Универзитетска Клиника за Радиотерапија и Онкологија во Скопје. Резултатите од liquid-based ПАП размаските и од цервикалните биопсии беа споредени и евалуирани за дијагностичка точност помеѓу цитопатолошките и хистопатолошките наоди.

Резултати: Цитопатолошки беа: 118 (64.13%) случаи на ASC-US, 22 (11.96%) случаи на LSIL, 38 (20.65%) случаи на HSIL и 6 (3.26%) случаи на инвазивен сквамозен карцином на грлото на матката. Хистопатолошки беа 108 (58.70%) случаи на нормален наод, 24 (13.04%) случаи на LGSIL, 42 (22.83%) случаи на HGSIL и 10 (5.43%) случаи на инвазивен сквамозен карцином на грлото на матката. Вклучувајќи ги сите сквамозни клеточни абнормалности, сензитивноста на ПАП тесот за лезиите од низок степен и за повисоките степени беше 58.70% (108/184) и лажно позитивноста беше 41.30% (76/184). Исклучувајќи ги ASC-US лезиите, сензитивноста на ПАП тестот беше 78.80% (52/66) и лажно позитивноста беше 21.21% (14/66). После направената цервикална цитопатолошка корелација, позитивната предиктивна вредност беше 100% (6/6) за случаите со инвазивен карцином, 68.42% (26/38) за HGSIL случаите и 31.82% (7/22) за LGSIL случаите.

Заклучок: Високата сензитивност на ПАП тестот за сквамозните интраепителни лезии од висок степен, кажува дака ПАП тестот е ефективен скрининг тест за цервикалниот карцином и неговите преканцерозни лезии.

Клучни зборови: цитопатологија, хистопатологија, сквамозни клеточни абнормалности, liquid-based размаска, цервикални биопсии

Original scientific paper

КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДОНОРИТЕ И АФЕРЕЗНАТА ПОСТАПКАКОИ ВЛИЈААТ НА ЕФИКАСНОСТА НА КОЛЕКЦИОНИРАЊЕТО НА ХЕМАТОПОЕТСКИТЕ МАТИЧНИ КЛЕТКИ ОД ПЕРИФЕРНА КРВ

DONORS AND APHERESIS CHARACTERISTICS THAT INFLUENCE COLLECTION EFFICIENCY OF PERIPHERAL BLOOD HEMATOPOIETIC STEM CELLS

Грубовиќ Растворцева М. Р.[1,2], Георгиевски Б.[2,3], Чевреска Л.[2,3], Усеини С.[1], Генадиева Ставриќ С.[2,3], Стојаноски З.[2,3], Пивкова А.[2,3], Чадиевски Л.[2], Грубовиќ М.[1,2]

[1] Институт за трансфузиона медицина на РМ

[2] Медицински факултет - Скопје

[3] Универзитетска клиника за хематологија

Автор за коресподенција: Мр мед сци д-р Рада М. Грубовиќ Растворцева;
специјалист трансфузиолог- супспецијалист хематолог; e-mail: rgrubovic@yahoo.com

Medicus 2017, Vol. 22 (1): 39 -49

АБСТРАКТ

Вовед: За успешно колекционирање на мононуклеарни клетки (МНК) и ЦД34+ клетки од периферна крв потребна е идентификација на предиктивните фактори. Целта на нашата студија е да ги истражи потенцијалните предиктивни фактори кои би можеле да влијаат на бројот на колекционирани хематопоетски матични клетки (ХМК).

Материјал и метод: Испитуваната група ја чинат 120 автологни и алогени аферезни донори на ХМК од периферна крв. Влијанието на потенцијалните предиктивни фактори (демографски, лабораториски, карактеристиките на аферезното колекционирање во двете групи, и мобилизациионата стратегијаи карактеристиките поврзани со болеста кај автологните донори) на ефикасноста на колекционирањето, односно вкупниот број на колекционираните МНК и ЦД34+ клетки,беа определувани со мултипла регресиона анализа.

Резултати: Направени се 226 аферезни процедури, 182 кај 90 автологни и 44 кај 30 алогени донори, средно 2 аферези (опсег 1-3) кај автологните и 1.5 аферези (опсег 1-2) кај алогените донори. Нашата студија покажа дека на вкупниот број на колекционираните МНК клетки сигнификантно влијаеле пред-аферезниот број на тромбоцитите(p=0.045576), мобилизирачката стратегија(p=0.044071), видот на сет за харвестрација(p=0.042254), бројот на аферзни циклуси во една процедура(p=0.037069) и бројот на циклуси на примена хемотерапија (p=0.033519), додека на вкупниот број на колекционирани ЦД34+ клетки кај автологните донори сигнификантно влијаел бројот на аферезни циклуси во една процедура (p=0.014608). Мултипла регресиона анализа не покажа сигнификантна поврзаност меѓу вкупниот колекциониран број на МНК и ЦД34+ клетки и испитуваните предиктивни фактори од интерес кај алогените донори.

Заклучок: Потребно е да се направат универзални водичи за употребата на лабораториски параметри во иницијацијата на аферезната процедура за оптимизацијата на колекционирањето на ХМК.

Клучни зборови: хематопоетски матични клетки, трансплантација на хематопоетски матични клетки, мононуклеарни клетки, ЦД34+ клетки, аферезно колекционирање

ВОВЕД

Трансплантирањето на хематопоетски матични клетки е потврден третман за многу малигни и немалигни болести на крвта, како и некои генетски заболувања (1-3). Аферезните постапки за добивање

на хематопоетски матични клетки од периферна крв (ХМК) го имаат приматот во изборот на постапка за добивање на матични клетки добиени од коскена срцевина и умбиликална крв. Неинвазивноста на самата процедура за прибирање на матични клетки, ниската контаминација со еритроцити и тромбоцити, побрзиот енграфтмент, помалата употреба на трансфузии и антибиотици и пократкиот болнички престој се само дел од работите кои ја фаворизираат оваа постапка во однос на другите (4,5).

Во светот 99% од автологните трансплантации на ХМК и 75% од алогените трансплантации се изведуваат со хематопоетски матични клетки од периферна крв и нивната употреба се повеќе се зголемува и од ден на ден се шират нивните индикациони подрачја (6,7).

Колекционирањето на хематопоетските матични клетки од периферна крв се врши со харвестрирање на делот од крвта богат со buffy coat, со специјално екстрахирање на делот богат со мононуклеарни клетки (МНК), кој содржи CD34+матични клетки(8,9). Прогениторските матични клетки се ретки и се наоѓаат примарно во коскената срцевина, со екстремно мали количини (0.01-0.5% од клетките со јадро) во периферната крв (10,11). Но, мобилизирањето на овие клетки во периферната крв со фактори на раст и/или хемотерапија резултира со зголемен број на циркулирачки хематопоетски матични клетки, олеснувајќи го нивното харвестрирање од периферна крв (11,12). Сеуште нема консензус за количеството на ХМК кои треба да се трансплантираат и постигнат адекватно хематопоетско опоравување. Успешен енграфтмент е забележан при трансплантирање на минимум $2x10^6$/kgCD34+ клетки, односно $2x10^8$/kgМНК(13,14). Тајмингот на колекционирањето на ХМК по мобилизацијата е клучен за максимизација на харвестот на ХМК. Неколку различни параметри се испитувани како можни предиктивни фактори за аферезниот харвест, како што се апсолутниот број на лимфоцити (15), бројот на тромбоцити (16) и проценти на циркулирачки незрели гранулоцити (17). Во медицинската пракса, бројот на CD34+ клетки во периферната крв е прифатен како најдобар индикатор за започнување на харвестрирањето (3,5,18-23).Но и покрај тоа штосе високо специјализирани и имаат висока цена на чинење, техниките кои се користат за пресметување на бројот на CD34+ клетки не се универзално достапни за сите и потребно е подолго време за да бидат изведени (24). Заради тоа, параметрите кои се подостапни се евалуирани како потенцијални предиктивни фактори. Сеуште е нејасно кој протокол е оптимален во однос на максималното харвестрирање на матични клетки. Целта на ова истражување е да се идентификуваат лабораториските параметри од крвната слики на донорите, аферезната техника и параметрите кај автологните и алогените донори, како и мобилизрачката стратегија и карактеристиките на болеста кај автологните донори кои би можеле да бидат потенцијални предиктивни фактори за успешно и ефикасно колекционирање на ХМК, на тој начин овозможувајќи да се редуцираат трошоците и непотребното изложување на донорите на факторите на раст и поголемиот број на аферезни процедури.

МАТЕРИЈАЛ И МЕТОД

Ова истражување е ретроспективно-проспективна студија изведена во ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на РМ и ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија во Скопје во период од 2008 до 2016 година. Испитуваната група ја чинат 120 донори – 90 автологни и 30 алогени, на возраст од 18 до 65 години. Од сите учесници во студијата е добиена писмена информативна согласност за реализација на мобилизацијата и харвестрацијата (аферезното колекционирање) на ХМК, како и за примената на крвни компоненти (според препораките на Ревизијата на Женевската декларација за биомедицински истражувања). Мобилизацијата на ХМК е вршено со гранулоцито-колоно стимулирачки фактор (G-CSF) 10 μcg/kg/ден (кај здрави донори) и G-CSF 10 μcg/kg/ден (како самостојна мобилизирачка стратегија) или во комбинација на G-CSF + хемотерапија во зависност од дијагнозата и моменталната состојба на автологните донори. Харвестрацијата на ХМК е реализирана со аферезна процедура користејќи клеточен сепаратор COBE SpectraVersion 6.1 (CaridianBCT) во Институтот за трансфузиона медицина по однапред утврдени протоколи. Минимален посакуван број на колекционирани МНК и/или CD34+ клетки во нашето истражување е ≥ 2.0 $x10^8$/kg МНК и/или ≥ 2.0 $x10^6$/kg CD34+ клетки. Броењето на мононуклеарните клетки (МНК) и CD34+ клетките е вршено на Универзитетската клиника за хематологија по однапред утвдени протоколи (24,25). Вршена е анализа на следниве параметри: карактеристики на донори (пол, возраст, телесна тежина, телесна висина, крвна група,

лабораториски параметри – на приемен ден – леукоцити (WBC), хемоглобин (Hgb), тромбоцити (Plt), предаферезни на прв ден харвестрација – WBC, Hgb, Plt, еритроцити (RBC), хематокрит (Htc), моноцити (Mono), лимфоцити (Lympho), лимфомоноцити (LymMon); аферезни карактерестики – број на аферезни процедури, број на аферезни циклуси во една процедура, тотален волумен на крв (TBV), процесирана крв, времетраење на харвестрација, искористен аденозин цитрат декстроза-А (АЦД-А), количина на графт, вид на сет за харвестрација и несакани реакции од истата. Кај автологните донори се анализирани и основното заболување, стадиум на болест, мобилизирачка стратегија, видови применета терапија, број на циклуси на хемотерапија, примена на зрачна терапија и/или претходна трансплантација на ХМК (ТХМК), време од откривање на болест до харвестрација, трансфузиска подршка пред харвестрација со еритроцити, тромбоцити и тромбоцитен концентрат.

Статистичка обработка на податоците

Статистичката обработка на податоците е вршена во статистичка програма STATISTICA 7.1 и SPSS 13.0. Во истражувањето се користени следните методи: кај сериите соо атрибутивни белези се одредувани проценти на структура (%); кај сериите со нумерички белези употребена е дескриптивна статистика - Descriptive statistics (Mean±Std.Dev., Min., Max., Median); разликите меѓу автологните и алогените донори/пациенти кај параметрите со атрибутивни и нумерички белези (во зависност од дистрибуцијата на податоците) се тестирани со t-test за независни примероци (t), Mann-Whitney U тест (U/Z), AnalysisofVariance тест – (F);влијанието на одредените анализирани параметриво однос на колекционираните МНК, односно CD34+ клетки е одредувано со мултипла регресиона анализа. Користен е ниво на сигнификатност $p < 0.05$.

РЕЗУЛТАТИ

Карактеристики на донори

Табела 1. Карактеристики на донори

Карактеристики на донори	**Автологни**	**Алогени**	**p < 0.05**
Пол			
Мажи	56 (62.2%)	21 (70.0%)	
Жени	34 (37.8%)	9 (30.0%)	
Возраст(години)			
(просек, ранг)	45±13.0 (18-65)	34.3±12.2 (19-63)	
< 20	3 (3.4%)	2 (6.7%)	
20-29	11 (12.2%)	12 (40.0%)	
30-39	15 (16.7%)	4 (13.3%)	
40-49	21 (23.3%)	7 (23.3%)	
50-59	31 (34.4%)	5 (16.7%)	
>=60	9 (10.0%)	/	
Телесна тежина(кг) (просек, ранг)	78.5±15.5 (51-136)	75.9±14.1 (56-105)	
Телесна висина(см) (просек, ранг)	170.8±9.6 (150-190)	173.8±7.1 (160-190)	
Крвна група			
O+	33 (36.7%)	13 (43.3%)	
O-	4 (4.4%)	/	
A+	25 (27.8%)	8 (26.7%)	
A-	3 (3.3%)	/	
B+	18 (20%)	3 (10.0%)	
B-	2 (2.2%)	3 (10.0%)	
AB+	5 (5.6%)	1 (3.3%)	
AB-	1 (1.1%)	1 (3.3%)	

продолжува

Параметри пред започнување на мобилизација (просек, ранг)			
WBC (x10^9/l)	5.6±2.3 (1.9-14.1)	8.1±5.6 (3.9-29.1)	p=0.001198
Hgb (g/dl)	12.1±1.7 (8-15.5)	14.7±1.5(11.8-18)	p=0.000000
Plt (x10^9/l)	254±117.0(78-649)	216±46.0(130-306)	NS
Параметри пред започнување на харвестрација (просек, ранг)			
WBC (x10^9/l)	21.5±12.6(2.95-61.8)	29.6±8.2 (13.3-42.8)	p=0.000170
Hgb (g/dl)	12.0±1.3(9.7-16)	14.4±1.5(11.1-17.5)	p=0.000000
Plt (x10^9/l)	167.9±95.0(40-381)	201.2±61.2(140-305)	p=0.032651
Hct (%)	36.0±4.3 (15.6-48)	43.6±3.9(36.1-49.7)	p=0.000000
RBC (x10^9/l)	3.9±0.5 (3.1-7.73)	4.8±0.4 (3.98-5.7)	p=0.000000
Monocytes (%)	9.7±4.9 (1.3-25.1)	5.4±2.4 (1.4-10.5)	p=0.000001
Lymphocytes (%)	12.2±6.1 (3.2-28.8)	11.8±3.5 (6.6-20.6)	NS
LymMon (%)	21.8±9.4 (7-53)	17.5±4.5 (10-26)	p=0.027808
Примена трансфузија пред харвестација			
Пациенти кои примиле RBC единици (број,%, просек, ранг)	21 (23.3%) 3.8±2.8 (1-11)	/	
Пациенти кои примиле Plt единици (број,%, просек, ранг)	20 (22%) 16.3±17.6 (1-66)	/	
Пациенти кои примиле Plt концентрат –единици (број, %)	7 (7.8%) (1-2)	/	
Мобилизирачка стратегија			
G-CSF	64 (71.1%)	30 (100%)	
G-CSF + хемотерапија	26 (28.9%)	/	
Несакани реакции			
Да	14.4%	43.3%	p=0.0009
Не	85.6%	56.7%	

Табела 2. Клинички карактеристики на автологните донори

Клинички карактеристики на автологните донори	**Број** (%)
Дијагноза	
AML	30 (33.3%)
MM	30 (33.3%)
HD	19 (21.1%)
NHL	11 (12.3%)
Стадиум на болест	
CR	46 (51.1%)
PR	23 (25.6%)
Активна болест (релапс)	21 (23.3%)
Циклуси на хемотерапија	
0	/
1-4	45 (50%)
5-8	21 (23.3%)
9-12	13 (14.4%)
13-16	7 (7.8%)
≥ 17	4 (4.4%)
Претходна терапија со зрачење и/или ТХМК	
Терапија со зрачење+ТХМК	2 (2.2%)
Терапија со зрачење	12 (13.3%)
ТХМК	7 (7.8%)
Без терапија со зрачење и/или ТХМК	69 (76.7%)
Период од дијагноза до харвестрација (месеци) – просек,, ранг	16.8±27.8 (1-148)

*AML-акутна миелоидна леукемија, MM-мултипли миелом, HD-хочкинова болест, NHL-нехочкинов лимфом, CR-комплетна ремисија, PR-парцијална ремисија, ТХМС-трансплантација на хематопоетски матични клетки

Карактеристики на аферезна процедура

Во текот на истражувањето направени се вкупно 226 аферезни процедури, од кои 182 се изведени кај автологните донори и 44 кај алогените. Следствено на тоа добиени се вкупно 226 графта, 182 автологни и 52 алогени (графикон 1).



Графикон 1. Графички приказ на бројот на аферезни процедури

Бројот на аферезни процедури-харвестрации во првата група (автологни донори) изнесува 2.0±0.6 (опсег 1-3), а во втората група (алогените донори) е 1.5±0.5 (опсег 1-2), разликата е статистички сигнификантна за p<0.05 (Mann-WhitneyUтестZ= 3.769697 p=0.000163). Во првата група во најголем процент се застапени две постапки (66.7%), 3 постапки - 17.7%, една постапка - 15.6%. Во втората група во

најголем процент е застапена една постапка (53.3%), а 2 постапки имале 46.7% донори.Просечниот бројна аферезни циклуси во една процедура во првата група (автологни донори) при првата харвестрација изнесува 8.6±2.5 (ранг 4-15), при втората 8.6±2.7 (ранг 3-15) и при третата харвестрација 8.9 ± 2.1 (4-12). Разликата која се регистрира помеѓу просечните вредности е статистички несигнификантна за p>0.05 (AnalysisofV ariancetestF=0.117701p=0.889031). Просечниот бројна аферезни циклуси во една процедура во втората група (алогени донори) при првата харвестрација изнесува 9.6±1.6 (ранг 7-13), и при втората 7.9±1.9 (5-11). Разликата која се регистрира помеѓу просечните вредности е статистички несигнификантна за p>0.05(Mann-WhitneyZtestU=-0.352767 p=0.724263). Разликата која се регистрира помеѓу просечните вредности на првата и втората група при првата харвестрација е статистички сигнификантна за p<0.05 (Mann-WhitneyUtestZ=-2.32727 p=0.019951),при втората харвестрација статистички е несигнификантна за p>0.05 (Z=-0.901756p=0.367193). Во двете групи (автологни и алогени донори) при харвестрација во поголем процент (65.9%, 77.3%) е користен AutoPBSC сет, а WBC сет е користен при –34.1% и 22.7% харвестрации.

Табела 3. Приказ на процесирана крв (ml) при харвестацијата (волумен на крв користен во аферезната постапка) кај автологни и алогени донори

Процесирана крв (ml) 1 група (автологни донори)	Бр.	Просек	Медиана	Миним.	Максимум	Стд.Дев.
1 харвестрација	90	9475.6	9042.5	6918.0	14194.0	1219.045
2 харвестрација	76	9536.6	9049.0	7434.0	14192.0	1387.846
3 харвестрација	16	9419.9	9065.0	7505.0	11562.0	1117.849
2 група (алогени донори)						
1 харвестрација	30	9502.3	9042.0	8252.0	11507.0	887.143
2 харвестрација	14	8775.9	9026.5	6553.0	11422.0	1138.989
3 харвестрација	/					

Разликата која се регистрира помеѓу просечните вредности на процесираната крв при првата, втората и третата харвестрација кај автологните донори е статистички несигнификантна за p>0.05 (Analysis of Variancetest F=0.077339 p=0.925607). Разликата која се регистрира помеѓу просечните вредности на процесираната крв при првата и втора харвестрација кај алогените донори е статистички несигнификантна за p>0.05 (Mann-WhitneyUtest Z=1.776433 p=0.075662). Разликата која се регистрира помеѓу просечните вредности на процесираната крв меѓу автологните и алогени донори при првата харвестрација статистички е несигнификантна за p>0.05 (Mann-WhitneyUtest Z=0.215152 p=0.829649),а при втората харвестрација статистички е сигнификантна за p<0.05 (Z=2.115206 p=0.034413).

Табела 4. Приказ на вкупен број на колекционирани МНК и ЦД34+ клетки

Вкупен број MNK($x10^8$/kg)						
	Просек	Медиана	Стд.Дев.	Минимум	Максим.	p<0.05
Автологни донори	3.09	3.05	1.135517	0.8	6.2	NS
Алогени донори	3.23	3.15	1.028669	2.0	7.3	
Вкупен број CD34+($x10^6$/kg)						
	Просек	Медиана	Стд.Дев.	Минимум	Максим.	p< 0.05
Автологни донори	2.85	2.75	1.056728	0.7	5.9	NS
Алогени донори	3.20	3.10	1.004473	2.0	7.3	

Просечната вредност на колекционираните МНК (x10^8/kg) кај автологните донори изнесува 3.09±1.1, а кај алогените донори изнесува 3.23±1.03, разликата помеѓу двете групи е статистички несигнификантна зар>0.05 (Mann-WhitneyU тест Z=-0.46364 p=0.642909). Просечната вредност на колекционираните CD34+ клетки (x10^6kg) кај автологните донори изнесува 2.85±1.1, а кај алогените изнесува 3.20±1.01, разликата помеѓу двете групи е статистички несигнификантна зар>0.05 (Mann-WhitneyU тест Z=-1.53091 p=0.111631) (таб 4).Сите алогени донори во нашето истражување го дадоа посакуваниот број на МНК и ЦД34+ клетки и 85.6% од автологните донори.

Несаканите реакции во помал процент се регистрираат во првата група (автологни донори) при првата харвестрција - 14.4%, при втората - 14.5% и при третата харвестрација - 12.5% . Од несаканите реакции се регистрираат трнење на прсти, нозе, јазик, уста, лице, мачнина-гадење, болки во грб и јаки болки во кичма.Несаканите реакции во поголем процент се регистрираат во втората група (алогени донори) при првата харвестрција - 43.3%, и при втората - 35.7 %. Од несаканите реакции се регистрираат трнење на прсти, нозе, кожа, раце, болки во грб, промашена вена и погодена a.femoralis. Процентуалната разлика која се регистрира во однос на регистрација на несаканите реакции при првата харвестрација помеѓу двете групи е статистички сигнификантна за p=0.0009, како и таа што се регистрира при втората харвестрација помеѓу двете групиза p=0.0159.

Мултипла регресиона анализа

Со мултиплата регресиона анализа е утврдена поврзаност помеѓу вкупниот број на МНК x10^8/kg tt кај автологни донори (зависна-критериумска варијабла) и системот на предикторски варијабли од интерес пол, возраст, крвна група,телесна тежина и висина, мобилизирачка стратегија, ден на мобилизација/ започнување на харвестрација, предаферезен број на WBC, Hgb, Plt, вид на сет, тотален волумен на крв, број на аферзни циклуси во една процедура, времетраење на харвестрација, процесирана крв, употреба на АЦД-А, количина на колекциониран графт, трансфузиска подршка пред харвестрација со тромбоцити, еритроцити и тромбоцитен концентрат, дијагноза, терапија, терапија со зрачење и/или трансплантација на ХМК (ТХМК), број на циклуси на хемотерапија, стадиум на болест, коморбидитети, време од откривање на долест до харвестрација (независни варијабли), при што, коефициентот на мултипла корелација (R) изнесува 0,659. Коефициентот на детерминација (R^2) изнесува 0,661 и покажува дека сите независни варијабли заедно влијаат на варијабилитетот на вкупниот број на МНКкај автологните донори со 43.5%, додека 56.5% отпаѓа на влијание на други фактори.Значајноста на коефициентот на мултипла корелација тестиран врз основа на F – дистрибуција покажува дека влијанието на предикаторскиот систем на варијабли врз вкупниот број МНКкај автологните донори (зависна варијабла), статистички е значајно за p = 0,033670. Со анализа на поединечните варијабли, се заклучи дека значајно влијание има мобилизирачката стратегија, предаферезниот број на тромбоцитите, вид на користен сет за харвестрација, број нааферзни циклуси во една процедура и број нациклуси на хемотерапија. За мобилизирачката стратегија коефициентот на парцијална регресиона анализа изнесува 0.574, а тестиран со t-тест покажува дека влијанието врз вкупниот број на МНК кај автологните донори е статистички значајно за p = 0.044071. За бројот на тромбоцитите коефициентот на парцијална регресиона анализа изнесува 0.301, а тестиран со t-тест покажува дека влијанието врз вкупниот број на МНК кај автологните донори е статистички значајно за p = 0.045576. За вид на сетот коефициентот на парцијална регресиона анализа изнесува 0.525, а тестиран со t-тест покажува дека влијанието врз вкупниот број на МНК кај автологните донори е статистички значајно за p = 0.042234. За број нааферзни циклуси во една процедура коефициентот на парцијална регресиона анализа изнесува 0.354, а тестиран со t-тест покажува дека влијанието врз вкупниот број МНК кај автологните донори е статистички значајно за p = 0.037069. За број нациклуси на хемотерапија коефициентот на парцијална регресиона анализа изнесува -0.353, а тестиран со t-тест покажува дека влијанието врз вкупниот број на МНК кај автологните донори е статистички значајно за p = 0.033519. Со анализа на останатите поединечните варијабли, се заклучи дека значајно влијанието на предикторски варијабли од интерес врз вкупниот број на МНК кај автологните донори не е статистички значајно за оваа група на испитаници.

Табела 5. Мултипла регресиона анализа за вкупен број на МНКкај автологните донори

независни варијабли	**R = 0,659 R² = 0,435 F = 1.764 p = 0,033670**		
	Beta	**t – test**	**p – level**
Возраст	0.057760	0.44102	0.660731
Пол	0.009668	0.03974	0.968427
Крвна група	-0.104392	-0.86658	0.389516
Телесна тежина	-0.912433	-1.82651	0.072588
Телесна висина	-0.509431	-1.77004	0.081637
Мобилизирачка стратегија	0.574883	2.05528	0.044071*
Ден на мобилизација/ започнување на харвестрација	-0.610477	-1.79029	0.078290
WBC (10^9/л)	0.095491	0.58015	0.563916
Hgb (г/дл)	-0.034238	-0.28794	0.774350
Plt (10^9/л)	0.301735	2.04039	0.045576*
Вид на сет	0.525177	2.07384	0.042254*
Тотален волумен на крв	1.303972	1.38199	0.171934
Број на аферзни циклуси во една процедура	0.354353	2.13091	0.037069*
Времетраење на прва харвестрација	0.077261	0.17697	0.860107
Процесирана крв	-0.342519	-0.50662	0.614218
Употребен АЦД-А	0.180851	0.24273	0.809016
Количина на колекциониран графт (мл)	-0.239522	-1.17112	0.246032
Тромбоцитни трансфузии пред почеток на харвестрација	-0.068293	-0.45068	0.653793
Еритроцитни трансфузии пред почеток на харвестрација	0.036450	0.25031	0.803174
Тромбоцитен концентрат	0.185017	1.08897	0.280381
Дијагноза	0.062599	0.56677	0.572919
Терапија	-0.040225	-0.29101	0.772016
Терапија со зрачење и/или ТХМК	-0.178745	-1.39021	0.169435
Број на циклуси хемотерапија	-0.353527	-2.17415	0.033519*
Стадиум на болест	-0.090471	-0.56119	0.576688
Коморбидитет	0.021322	0.15732	0.875503
Време од откривање на болеста до харвестрација	0.082010	0.58289	0.562079

*статистичка сигнификантност (значајност)

Со мултиплата регресиона анализа е утврдена поврзаност помеѓу вкупниот број на CD34+клетките x10^6/kg ttкај автологни донори (зависна-критериумска варијабла) и погоре наведениотсистем на предикторски варијабли од интерес (независни варијабли), при што, коефициентот на мултипла корелација (R) изнесува 0,624. Коефициентот на детерминација (R^2) изнесува 0,390 и покажува дека сите независни варијабли заедно влијаат на варијабилитетот на вкупниот број на CD34+ kletkikај автологните донори со 39.0%, додека 61.0% отпаѓа на влијание на други фактори.Значајноста на коефициентот на мултипла корелација тестиран врз основа на F – дистрибуција покажува дека влијанието на предикаторскиот систем на варијабли врз вкупниот број на CD34+кај автологните донори (зависна варијабла), статистички е незначајно за p = 0,107046.Со анализа на поединечните варијабли, се заклучи дека значајно влијание има бројот на аферезни циклуси во една процедура.За број нааферзни циклуси во една процедура коефициентот на парцијална регресиона анализа изнесува 0.433, а тестиран со t-тест (2.512) покажува дека влијанието врз вкупниот број на CD34+ клеткитекај автологните донори е статистички значајно за p = 0.014608. Со анализа на останатите поединечните варијабли, се заклучи дека значајно влијанието на предикторски варијабли од интерес врз вкупниот број на CD34+ клеткикај автологните донори не е статистички значајно за оваа група на испитаници.

Со мултиплата регресиона анализа е утврдена поврзаност помеѓу вкупниот број на МНК кај алогени донори (зависна-критериумска варијабла) и

системот на предикторски варијабли од интереспол, возраст, крвна група, телесна тежина и висина, мобилизирачка стратегија, ден на мобилизација/ започнување на харвестрација, број на WBC, Hgb, Plt пред харвестрација, вид на сет, тотален волумен на крв, број на аферзни циклуси во една процедура, времетраење на харвестрација, процесирана крв, употреба на АЦД-А, количина колекциониран графт - (независни варијабли), при што, коефициентот на мултипла корелација (R) изнесува 0,737. Коефициентот на детерминација (R^2) изнесува 0,537 и покажува дека сите независни варијабли заедно влијаат на варијабилитетот на вкупниот број на МНК со 53.7%, додека 46.3% отпаѓа на влијание на други фактори. Значајноста на коефициентот на мултипла корелација тестиран врз основа на F – дистрибуција покажува дека влијанието на предикаторскиот систем на варијабли врз вкупниот број на МНКкај алогени донори (зависна варијабла), статистички е незначајна за p = 0,655111.Со анализа на поединечните варијабли, се заклучи дека влијанието на предикторски варијабли од интерес врз вкупниот број на МНКкај алогените донори не е статистички значајно за оваа група на испитаници.

Со мултиплата регресиона анализа е утврдена поврзаност помеѓу вкупниот број наCD34+клетки кај алогени донори и системот на предикторски варијабли од интерес наведени погоре, при што, коефициентот на мултипла корелација (R) изнесува 0,772. Коефициентот на детерминација (R^2) изнесува 0,596 и покажува дека сите независни варијабли заедно влијаат на варијабилитетот на вкупниот број на CD34 со 59.6%, додека 40.4% отпаѓа на влијание на други фактори. Значајноста на коефициентот на мултипла корелација тестиран врз основа на F – дистрибуција покажува дека влијанието на предикаторскиот систем на варијабли врз вкупниот број на CD34+ клеткикај алогени донори, статистички е незначајно за p = 0,481447. Со анализа на поединечните варијабли, се заклучи дека влијанието напредикторски варијабли од интерес врз вкупниот број на CD34+ клеткикај алогените донори не е статистички значајно за оваа група на испитаници.

ДИСКУСИЈА

Факторите кои можат да влијаат на мобилизацијата и колекционирање на ХМК од периферна крв се многукратно истражувани со цел да се подобри ефикасноста и сигурноста на мобилизацијата и харвестрација (15-23). Сеуште постојат големи контрадикторности во различните студии кои ја истражувале оваа тематика, и не можат да се извлечат дефинитивни заклучоци, пред се заради хетерогеноста на пациентите односно донорите. Возраста на донорите и телесната тежина (23,26) не биле сигнификантен фактор кој влијаел на бројот на МНК и CD34+ клетките во нашата и во студијата на Fordetal. (26).Вкупниот број на леукоцитите бил идентификуван како независен фактор кој инверзно влијаел на ефикасноста на колекцијата (26-28), додека студијата на Sarkodee-Adooetal. (23) не покажала сигнификантна корелација со бројот на МНК и CD34+ клетките. Слично како во нашата студија, некои студии (23,29) сугерираат дека нема корелација помеѓу хематокритот и посакуваниот број на ХМК, додека друга студија покажува инверзна корелација помеѓу двата параметри (26). Студијата на Mehta et al. (29) иако не покажала корелација помеѓу посакуваниот број на ХМК и хематокритот кај автологните донори, сепак укажува дека е добро харвестрацијата да започне кога хематокритот е меѓу 25-30%, бидејќи автологните донори, односно пациенти се најчесто анемични и потребни се трансфузии со крвни компоненти за да се започне харвестрацијата, што е случај и со тромбоцитите доколку нивниот број е помал од $30x10^9$/L (5). Предаферезниот број на тромбоцити во нашата студија сигнификантно влијаел на бројот на колекционирани МНК клетки кај автологните донори, што не било случај во некои други студии (23).Повеќе студии (23,26,30) покажале дека мобилизирачката стратегија и бројот на циклуси на примени хемотерапии (26,31) сигнификантно влијаеле на бројот на колекционирани МНК и CD34+ клетки кај автологните донори, што корелира со наодите во нашата студија, а леукоцитите биле најдобар предиктор за ефикасноста на колекционирањето на CD34+ клетките (26,32,33).Многу други фактори се исто така проучувани и добиени се различни резултати. Тие истражувања го вклучувале полот (23,26), стадиум на болест (26), режимот на хемотерапија(26), инвазија на болеста во коскената срцевина (26,30), употреба на алкилирачки агенси (31)и друго. Ефикасноста на колекцијата е испитувана и во однос на клеточниот сепаратор, рефлектирана во неговата моќ да ги екстрахира и концентрира клетките од интерес, како и карактеристиките на аферезната процедура (9,33-35). Во нашето истражување на вкупниот број на колекционираните МНК и CD34+ клетки сигнификантно влијаел бројот на аферезни циклуси во една процедура кај автологните донори и алогени

донори, како и видот на користен сет при аферезните процедури кај автологните донори. Студијата на Zengatal. (33) покажаладека бројотнаколекционира ниМНКбилпозитивнокорелирансокористењето на AutoPBSC сет, а бројот на CD34+ клетки бил корелиран сокористење на WBCсет кај алогените донори.Во друга студија WBC сетот се покажал како посупериорен од AutoPBSC сетот за колекционирање на ХМК кај пациенти со мутипен миелом мобилизирани со G-CSF+хемотерапија.Еден од факторите кој не покажал асоцираност со ефикасноста на колекцијата во нашата студија, но е презентиран во други студии како сигнификантен е процесираниот волумен на крв при афереза (3,23,32). Студијата на Ikeda et al.(30) покажала дека мобилизирачките цитокини, тајмингот на аферезата, карактеристиките на клеточниот сепаратор и оперативниот софтвер влијаеле на колекционирањето на ХМК кај автологните и алогени донори, додека возраста на донорите и полот влијаеле на бројот на колекционирани ХМК кај алогените донори. Во нашата студија не најдовме сигнификантна поврзаност на вкупниот број на колекционирани МНКи CD34+ клетки со испитуваните предиктивни фактори од интерес кај алогените донори со мултипла регресиона анализа. Тоа е можеби поради малиот примерок или заради тоа што сите алогени донори го дадоа посакуваниот број на МНК и CD34+ клетки.

ЗАКЛУЧОК

Ефикасноста на колекционирањето на ХМК е под влијание од голем број на фактори поврзани со карактеристиките на донорите, лабораториските параметри и процедуралните карактеристики и покажува голема варијабилност во клиничките наоди кај автологните донори. Податоците од различните студии покажуваат голема разновидност во клиничката пракса. Определувањето на точното ниво на предаферезните лабораториски параметри за започнување на аферезната постапка која би била безбедна за донорите и со голема ефикаснот на колекционирање на ХМК, би го намалил проблемот на помалку успешни и/или повеќекратни харвестрации. Потребно е да се направат универзални водичи за употребата на лабораториски параметри во иницијацијата на аферезната процедура за оптимизацијата на колекционирањето на ХМК.

РЕФЕРЕНЦИ

1. Majhail NS, Farnia SH, Carpenter PA, Champlin RE, Crawford S, Marks DI et al. Indications for Autologous and Allogeneic Hematopoietic Cell Transplantation: Guidelines from the American Society for Blood and Marrow Transplantation. Biol Blood Marrow Transplant. 2015;21(11):1863-9.
2. Ramakrishna LR. Mobilization and collection of peripheral blood progenitor cells for transplantation. Transfus Apher Sci. 2005; 32(1):63–72.
3. Sakashita AM, Kondo AT, Ribeiro AAF, Cipolletta ANF, Colesanti MV, Hamerschlak N et al. Factors affecting autologous peripheral blood hematopoietic stem cell collections by large-volume leukapheresis: a single center experience. Einstein (São Paulo). 2011;9(2):196-200.
4. Anasetti C, Logan BR, Lee SJ, et al. Peripheral-blood stem cells versus bone marrow from unrelated donors. N Engl J Med. 2012; 367(16): 1487-96.
5. Mijovic A, Pamphilon D. Harvesting, processing and inventory management of peripheral blood stem cells. Asian J Transfus Sci. 2007;1(1):16–23.
6. EBMT - European Group fot Blood and Bone Marrow Transplantation, www.ebmt.org, податоци превземени на 21.10.2016.
7. Pasquini MC, Wang Z. Current use and outcome of hematopoietic stem cell transplantation: CIBMTR Summary Slides, 2015. CIBMTR-Center for International Bone Marrow Transplantation Research, available at: http://www.cibmtr.org
8. Moog R. Apheresis techniques for collection of peripheral blood progenitor cells. Transfus Apher Sci. 2004; 31(3):207-20.
9. Brauninger S, Bialleck H, Thorausch K, Seifried E, Bonig H. Mobilized allogeneic peripheral stem/progenitor cell apheresis with Spectra Optia v.5.0, a novel, automatic interface-controlled apheresis system: results from the first feasibility trial. Vox Sang. 2011;101(3):237-46.
10. Schulz C, von Andrian UH, Massberg S. Hematopoietic stem and progenitor cells: their mobilization and homing to bone marrow and peripheral tissue.Immunol Res.2009;44(1-3):160-8.
11. Reddy RL. Mobilization and collection of peripheral blood progenitor cells for transplantation. Transfus Apher Sci. 2005;32(1):63-72.
